**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-6988/3

Скопје, 6 август 2024 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 6 август 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христијан Николов, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата |

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Претставници: | м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и<br><br>м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација |
| Повереници: | Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и<br><br>Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација |

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка

Скопје, август 2024 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/10, 47/11, 41/14 и 11/18) се уредуваат основањето, статусот, задачите, работата, раководењето, управувањето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на Македонската академска истражувачка мрежа. За развој, организација и управување на единствена образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Македонија се основа Македонска академска истражувачка мрежа - МАРнет како јавна установа која врши дејност од јавен интерес.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24“) Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерството за дигитална трансформација и Министерство за јавна администрација со надлежности утврдени со овој закон.

Надлежностите од областа на електронските комуникации кои се предмет на овој закон согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа се во надлежност на Министерството за дигитална трансформација.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овие законски измени е усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, во однос на орган на државна управа Министерството за дигитална трансформација надлежен за развој и промоција на информатичко општество.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка, нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка, нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа

Член 1

Во Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/10, 47/11, 41/14 и 11/18), во член 7 во ставот (3) зборовите „министерот за информатичко општество“ се заменуваат со зборовите „министерот за дигитална трансформација“.

Член 2

Во член 10 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:
„- најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа и за работата на МАРнет на информирање до Министерството за дигитална трансформација и на усвојување до Владата на Република Северна Македонија,“.

Член 3

Во членот 19 зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација.“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација.“.

Член 4

Во членот 20 зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка е систематизиран во 6 члена.

Со член 1 се менува член 7 и се утврдува министерот за дигитална трансформација.

Со член 2 се менува член 10 каде се додава нова алинеја 6 со која е утврдено дека МАРнет треба да достави годишен извештај еднаш годишно до Министерството за дигитална трансформација на информирање и на усвојување до Владата на Република Северна Македонија.

Со член 3 се менува член 19 и се утврдува министерството за дигитална трансформација.

Со член 4 се менува член 20 и се утврдува министерството за дигитална трансформација.

Со член 5 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ:

### II. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО МАРнет

Орган на управување

Член 7

(1) Орган на управување на МАРнет е Управниот одбор.

(2) Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Управниот одбор го сочинуваат седум члена и тоа еден член на предлог на министерот за образование и наука, еден член на предлог на министерот за информатичко општество и пет члена од кои по еден член од секој државен универзитет во Република Македонија на предлог на Ректорската конференција на јавните универзитети во Република Македонија.

(4) Управниот одбор има претседател кого го избираат членовите на Управниот одбор.

(5) Членовите на Управниот одбор се именуваат врз принципот на стручност и компетентност и принципот на соодветна и правична застапеност, со мандат од четири години и можат повторно да бидат именувани.

Член 10

Управниот одбор:

- го донесува статутот на МАРнет,
- го избира и разрешува директорот,
- ја донесува годишната програма за работа на МАРнет,
- го донесува финансискиот план и завршната сметка на МАРнет,
- го донесува годишниот извештај за работењето на МАРнет,
- именува и разрешува работни тела на МАРнет,
- дава предлози и мислења за определени прашања на основачот и на директорот на МАРнет,
- донесува општ акт за начинот на водење на Регистарот,
- донесува општи акти за користење на телекомуникациските услуги,
- дава согласност на актот за организација и работа и актот за систематизација на работните места на МАРнет,
- одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во МАРнет,
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со статутот на МАРнет.

### IV. НАДЗОР

Член 19

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и над работењето на МАРнет врши Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 20

На Статутот на МАРнет согласност дава Министерството за информатичко општество и администрација.